# ЕСЕНЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ЗА СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ И ЗА ХИВ НА ЖЕНИТЕ И МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ГРУПИ ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД-19

Мај, 2020 година




ХЕРА

A Member Association of IPPF International Planned Parenthood Federation European Network

# ЕСЕНЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ЗА СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ И ЗА ХИВ НА ЖЕНИТЕ И МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ГРУПИ ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД-19

Потребите на жените и маргинализираните групи поврзани со сексуалното и репродуктивното здравје, вклучително и ХИВ, во Македонија не треба во ниту еден момент да бидат запоставени, а особено не за време на пандемиската криза со КОВИД-19.

Правата и изборот на жените и паровите во врска со нивното сексуално и репродуктивно здравје треба целосно да се почитуваат, без разлика на настанатата криза предизвикана од коронавирусот. Кај бремените жени и новороденчињата се случуваат низа физички промени и промени во развојот на фетусот, што ги прави особено ранливи на вирусни респираторни инфекции како што е и КОВИД-19. Затоа на бремените жени, без разлика дали се суспектни или се инфицирани со КОВИД-19, не смее да им биде отежнат пристапот до неопходна медицинска поддршка. Ова вклучува и континуирана антенатална грижа, зачувување на менталното здравје и психосоцијална поддршка.

Намалувањето на услугите за сексуално и репродуктивно здравје и ХИВ негативно ќе се одрази врз квалитетот на животот на пациентите кои не се здравствено осигурани или добиваат бесплатна здравствена заштита, а особено на жените, девојките, маргинализираните заедници и социјално-ранливите групи. Намалениот пристап до услуги за планирање на семејството го зголемува ризикот од непланирана бременост. Непристапноста или затворањето на родилиштата може да доведе до зголемување на мајчината смртност, што веќе се случува во некои региони во светот кои се погодени од пандемијата.

Затворањето на училиштата често доведува до зголемена сексуална активност кај младите, а доколку постои недостиг на кондоми и модерна контрацепција се зголемуваат и можностите за адолесцентни бремености што понатаму би довело до осипување на девојчињата од образовниот систем и негативно би влијаело врз нивниот натамошен развој и живот.

Геј мажите, луѓето кои инјектираат дрога и сексуалните работнички се особено изложени на дискриминација и насилство во време на криза, а со тоа се и во поголем ризик од инфекција од ХИВ и друга сексуално преносլива инфекција.

Владата на Република Северна Македонија има обврска да ги гарантира основните и животоспасувачки услуги за сексуално и репродуктивно здравје и за ХИВ во услови на хуманитарна криза – онака како што се дефинирани од страна на голем број меѓународни здравствени агенции и организации, агенциите на Обединетите Нации и научната фела.

При реорганизирање на здравствениот систем и мерките на заштита на населението, Владата мора да им обезбеди на жените и на маргинализираните заедници континуиран пристап до есенцијалните услуги за репродуктивно здравје и ХИВ, без разлика што моментално капацитетите на здравствениот систем се насочени кон справување со кризата со КОВИД-19. Дополнително, буџетите за финансирање на услугите за репродуктивно и сексуално здравје не смее да бидат намалени или стопирани. Граѓанските организации кои обезбедуваат услуги на терен за ХИВ и за репродуктивно здравје за маргинализираните групи треба да продолжат со работа со цел да се гарантира континуитет во комуникацијата и во поддршката на заедниците за услугите кои ним им се потребни, вклучувајќи и дистрибуција на кондоми и лубриканти за превенција од непланирана бременост, ХИВ и сексуално преносливи инфекции.

# ЕСЕНЦИЈАЛЕН ПАКЕТ НА УСЛУГИ ЗА СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ И ЗА ХИВ ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА СО КОВИД-19

## ЕСЕНЦИЈАЛЕН ПАКЕТ НА УСЛУГИ ЗА СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ И ЗА ХИВ ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА СО КОВИД-19

### ПРЕВЕНЦИЈА ОД ХИВ И СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ (СПИ)

- Советување и дијагностика на СПИ и ХИВ
- Третман за СПИ
- Дистрибуција на бесплатни кондоми и лубриканти
- Услуги за намалување на штети од користење дроги и супстанци (стерилна опрема за инјектирање дрога, супституциона терапија)
- Антиретровирусна терапија за лица кои живеат со ХИВ
- Психо-социјално поддршка на лица кои живеат со ХИВ
- ПЕП (Пост-експозициона профилакса) за жртви на сексуално насилство и здравствени работници
- Co-trimoxazole профилакса за опортунистички инфекции за лица кои живеат со ХИВ

### ПРЕВЕНЦИЈА ОД НЕПЛАНИРАНА БРЕМЕНОСТ

- Советување за контрацепција
- Поставување на спирала
- Ординирање на орална контрацепција
- Ординирање на итна контрацепција
- Дистрибуција на кондоми

### ПРЕВЕНЦИЈА ОД СЕКСУАЛНО И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

- Медицински третман на жртви на сексуално насилство
- Психо-социјална поддршка и безбедност на жртвите и преживеаните на родово засновано, сексуално и семејно насилство

### НАМАЛУВАЊЕ НА МАТЕРНАЛНА СМРТНОСТ И СМРТНОСТ НА НОВОРОДЕНЧИЊА

- Сеопфатна итна акушерска грижа и грижа за новороденчето
- Породување и основна акушерска грижа и грижа за новороденчето
- Консултација за безбедно породување и препраќање
- Антенатална заштита
- 24-часовен транспорт за итни случаи до болници
- Абортус и грижа по абортус (на лично барање, комплицирани случаи)

**ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување**

Франклин Рузвелт 51а/26, 1000 Скопје
тел: 02/3290-395
факс: 02/2556-002

*www.hera.org.mk*
*hera@hera.org.mk*

